# Јавно Комунално Претпријатие
# "ИЛИНДЕН" - о.Илинден

Ул."Гоце Делчев" бб
Тел. 2572-671; факс: 2550-578;
Ж.С-ка: 300000000475918
ЕДБ: 4030998337063
Комерцијална банка А.Д.Скопје


Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 03-1581/1
20.06.2021 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на чл.23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12,119/13,41/14,138/14,25/15 и 39/16) и член 34 од Статутот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден, а во врска со член 39 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија "број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19) и член 3 од Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за назначување на одговорно лице за интегритет, прием на подароци и судир на интереси

1. За одговорно лице за интегритет прием на подароци и судир на интереси во Јавното комунално препријатие ,,Илинден" н.Илинден се назначува и овластува **Милица Коцева,** вработена во претпријатието на работното место **Самостоен референт - Архивар** во Одделението за општо правни работи и човечки ресурси.
   **Овластеното лице може да се контактира на адресата: ул."Гоце Делчев" б.б. н.Илинден, телефон 02 2572-671/ 070 364-996 или на e-mail: milicajkp@yahoo.com.**
2. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.
3. Ова решение се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден.

### Образложение

Во согласност со одредбите од член 3 од Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), според кои од страна на раководните лица на институциите на јавниот сектор се овластува лице кое води евиденција и се грижи за прием, складирање и чување на подароците,се одлучи како во диспозитивот на решението.

JКП ,,ИЛИНДЕН" н.Илинден
Директор
дипл.правник Игор Филиповски

„ИЛИНДЕН" Јавно комунално претпријатие Населба Илинден

ДН:
- Овластено лице
- Веб страна
- Огласна табла
- Архива

Образец

# ПРИЈАВА
# ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПРИМЕНИ ПОДАРОЦИ

Во согласност со член 4 од Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), доставувам пријава за добиен подарок по следното:

Име, презиме, функција и организациона единица на примателот:

___

Име, презиме, функција и организација на дарителот:

___

Повод по кој е примен подарокот и датум на прием:

___

Изјава дали подарокот ќе биде во лична или во сопственост на претпријатието:

___

Опис на подарокот:

___

___

Проценета пазарна вредност на подарокот или потреба од процена:

___

Подносител на пријавата

___

Име, презиме, дата и потпис

Потврда за извршен прием на пријавата
Овластено лице

___

Име, презиме, дата и потпис